**GRANT SCHEME FOR IMPLEMENTATION OF PROJECTS FIR INCREASING THE COMPETITIVENESS OF THE BENEFICIARY COUNTRY EuropeAid / 138495 / ID / ACT / MK**

**„Грант шема за спроведување на проекти за зголемување на конкурентноста на земјата-корисник” EuropeAid / 138495 / ID / ACT / MK**

# NEWSLETTER

PROJECT: INNOVATION HUB: COMPARATIVE ADVANTAGE FOR GREATER COMPETITIVENESS

CONTRACT NO. 12-7324 / 1

ПРОЕКТ ИНОВАТИВЕН ЦЕНТАР:КОМПАРАТИВНА ПРЕДНОСТ ЗА ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ

ДОГОВОР БР. 12-7324 / 1



ПРОЕКТ "ИНОВАТИВЕН ЦЕНТАР: КОМПАРАТИВНА ПРЕДНОСТ ЗА ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ"

ПРОЕКТОТ ГИ ОПФАЌА АКТИВНОСТИТЕ КОИ ПРЕКУ ЗАЈАКНАТА СОРАБОТКА И ИНТЕРАКЦИЈА НА НЕВЛАДИНИТЕ АКТЕРИ СО РЕЛЕВАНТНИТЕ АКТЕРИ ОД УНИВЕРЗИТЕТИТЕ, ЌЕ ГО ПОДДРЖАТ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА МЕРКИТЕ И ПРОЕКТИТЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА.

**Главна цел на проектот**

Да се зголеми конкурентноста на малите и средните претпријатија во североисточниот, скопскиот и вардарскиот регион, со поттикнување на активноста на различните актери во општеството, а со цел да се влијае врз конкурентноста на економијата на земјата преку иноваци



# Октомври – Декември 2019




**Организирана Работилница – настан за вмрежување на фирми, универзитети, бизнис центри, акцелератори, организации и институции од Кумановски регион на тема "РАЗВОЈ И ВМРЕЖУВАЊЕ ПРЕКУ ВИРТУЕЛНИ ИНОВАЦИСКИ ЦЕНТРИ ЗА ПОГОЛЕМА ИНОВАТИВНОСТ, ДОСТАПНОСТ НА РЕСУРСИ И РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВНИ ИДЕИ" – хотел Сириус, Струмица - 25-26 Октомври 2019**

**На работилницата присуствуваа како фирми од Кумановски регион така и претставници на АВРМ, локална самоуправа, локален економски социјален совет, иновативни фирми, иноватори и граѓански организации.**

Првиот ден од обуката беше разговарана со потребата од виртуелен иновативен центар и кои се можности за компаниите ги нуди истиот. На учеснците низ вежби им беа презентирани 10 (десет) успешни примери и за 5 (пет) од нив беше направен бизнис canvas модел.

Вториот ден низ вмрежување учесниците креираа иновативни идеи. На обуката беа креирани 22 (дваесет и две) иновативни идеи.

После изработата на идеите истите беа презентирани пред останатите учесници на обуката!

За време на финалната сесија, речиси сите учесници ги изразија своите чувства и мислења дека се прошири нивното општо знаење за витруелните иновативни центри. Тие, исто така, назначија дека покрај знаењето, скоро сите од нив стекнаа вмрежување и градат партнерски вештини и инструменти.

За време на обуката претставниците на компаниите покажаа голем интерес за меѓусебна соработка и заеднички настап на пазарот со заеднички прозиводи или услуги.



**Организирана ДВОДНЕВНА РАБОТИЛНИЦА – НАСТАН ЗА РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА ЗА РАЗВОЈ НА ИНОВАЦИИ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ТЕМА “National experience exchange workshop on SME’s innovation development approach” во хотел Metropol Lake Resort, град Охрид, 08-09 Ноември 2019**

**Настанот беше исклучително успешен со присуство на 150 учесници од приватни фирми од трите целни региони (од кои 50 иновативни фирмии фирми членки на Асоцијацијата на иноватори на Македонија) како и претставници од ФИТР, претставници од Националниот сојуз на иноватори, претставници од АППРСМ, Министерство за Економија, АВРМ, USAID, локална самоуправа, голем број на универзитети (Славјански универзитет, ФИНКИ, Маински факултет, Факултет за туризам, Техничко-технолошки факултет од Велес) и голем број фирми и организации кои добиле средства за иновативност и конкурентност од страна на националните донаторски програми.**

**Опфатени теми**

Панел дискусија: Шампиони за иновации - реализирани иновативни проекти преку националната програма за поддршка на иновациите

- Размена на искуства - Повратна информација за иновативниот екосистем на МК
- Презентација на најдобри практики.

Панел дискусија: ЕУ / не ЕУ и регионите на иновации. Најдобри практики и достигнувања во регионалното управување со иновациите, меѓурегионалната соработка, регионалните стратегии и инструменти за иновации

- Регулативи на ЕУ за иновации.
- Најдобри практики.
- Стратегии за иновации.
- Инструменти за иновации.
- Студии на случај.

Панел дискусија: Овозможување на малите и средни претпријатија да се зголемат

- Како може политиката да земе предвид различни аспирации за раст од страна на претприемачите и да им помогне да управуваат со предизвиците на високиот раст?
- Кои бариери за растот на малите и средни претпријатија бараат дополнително внимание?
- Кои пристапи за политика се покажаа ефикасни при стимулирање на зголемувањето на бројот на почетни бизниси и МСП?

- Иновации како мотор за раст на МСП

- Што е иновација? Групна работа
- Успешни приказни
- Прашања за дискусија

- Кои се главните празнини на знаење во однос на условите и трендовите за иновации?
- Што можат да сторат владите за да создадат поволни рамковни услови за иновации?
- Иднината на малите и средни претпријатија во дигиталната економија

- Што е дигиталната економија?
- Како политиката може да ги реши бариерите за посвојување и употреба од страна на малите и средни претпријатија на дигиталните технологии?
- Како можат дигиталните технологии да се искористат за да им се овозможи на малите и средни претпријатија да се зголемат?
- Успешни приказни од други земји

Панел дискусија: Преземање на иновации во обем

- Основни компоненти на рамката за проширување
- Лекции од зголемување на искуството



**Преставниците на компаниите и институциите активно учествуваа во самата обука, со примери од нивните искуства и со прашања за некои сегменти од обуката!**

**Првиот ден од обуката беа организирани три панел дискусии:**

**1.** Првиот панел со наслов Шампиони за иновации - реализирани иновативни проекти преку националната програма за поддршка на иновациите го модерираше проф. д-р Орце Симов.

На овој панел беа презентирани и дискутирани проекти кои добиле средства од Фондот за иновации и технолошки развој. На панел дискусијата како панелисти учествуваа ретставници од ФИТР, претставници на ООУ Лазо Ангеловски, кои презентираа Аквапоничен систем, проект финансиран од ФИТР, претставниците на ООУ Љубен Лате, кои го презентираа проектот Микролокатори, а исто така и претставници на приватни фирми од Скопје и Велес.

2. Вториот панел со наслов ЕУ / не ЕУ и регионите на иновации. Најдобри практики и достигнувања во регионалното управување со иновациите, меѓурегионалната соработка, регионалните стратегии и инструменти за иновации го модерираше м-р Зоран Велковски.

На овој панел беа презентирани и дискутирани најдобрите практики и достигнувања во регионалното управување со иновации, меѓурегионална соработка, регионалните стратегии и инструментите за иновации. На панел дискусијата како панелисти учествуваа: Горан Лазаревски, проект менаџер на проектот кој дискутираше за микрофинансирање, Бојан Ристовски од Стартап центар Македонија, Мирко Узелац од Асоцијација на иноватори на Македонија, Светлана Киревска, директор на Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија Скопје, Билјана Атанасовска, Дирекција за радициона сигурност и самостоен иноватор и Јадранка Спасевска, пофесор по клиничка настава на Меѓународниот Славјански Универзитет во Св. Николе и Битола.

3. Третиот панел со наслов Овозможување на малите и средни претпријатија да се зголемат, го модерираше доц. д-р Самоил Малчески.

На овој панел беа презентирани и дискутирани темите во делот на овозможување на малите и средни претпријатија да се зголемат. На панел дискусијата како панелисти учествуваа: претставници на АППСМ, Стопанската комора на мал бизнис, Министерството за економија, регионален директор на Централна-кооперативна банка, раководител на АВРМ Куманово и АВРМ Велес.

На крај на секој панел имаше прашања и дискусија од учесниците на работилницата.

Вториот ден почна со предавање од проф. д-р Орце Симов на тема Иновации како мотор за раст на МСП, потоа своја презентација на тема Иднината на малите и средни претпријатија во дигиталната економија имаше доц. д-р Самоил Малчески.

На крај настанот беше затворен со панел дискусија на тема Преземање на иновации во обем, на кои панелисти беа: приватник од Скопје и Гордана Родич и Силва Дескова кои се запознаа на настан на проектот и заедно веќе работат на иновативен проект.

Во текот на обуката претставниците на компаниите укажаа на фактот дека постојните извори на финансирање не се доволни, кај поголем дел од нив има комплицирана процедура за добивање на финансиски средства, а не беше изземена и пристрасноста при распределбата на средствата.

Претставниците на компаниите исто така изразија задоволство од идеата да се направи виртуелен иновативен центар и сметаат дека придобивките од истиот би биле големи.

За време на обуката претставниците на компаниите покажаа голем интерес за меѓусебна соработка и заеднички настап на пазарот со заеднички прозиводи или услуги.



**Се овозможија голем број на вмрежувања помеѓу фирми и јавни институции кои се надеваме во иднина да прераснат. На панел дискуциите се развиа конкретни соработни меѓу фирми со иновативни производи и фирми на кои се допаднале тие производи и кои изразија желба да инвестираат во такви производи. Имаше и желба за развој на заеднички проект за вмрежување каде се понудиа и од некои асоцијации и институции во иднина да помогнат во реализацијата на такви проекти. Учесниците заклучиа дека треба да се иплементираат повеќе вакви настани со цел да се подигне иновативноста и конкурентноста во нашата земја на уште повиско ниво. Скоро сите учесници изразија желба во иднина да бидат дел од платформата Иновативен центар (http://hub.innovationhub2018.eu/)**



Организирана ТРОДНЕВНА РАБОТИЛНИЦА – НАСТАН ЗА РАЗМЕНА НА ИНОВАТИВНИ ИСКУСТВА И ПРАКТИКИ ОД ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО во Хотел Белведере, град Охрид, 28-30 Ноември 2019

Модератори на работилницата беа Самоил Малчески, Орце Симов и Зоран Велковски, а учествуваат 53 претставници на фирми и организации од сите три целни региони, претставници и иноватори од Асоцијацијата на иноватори на Македонија, уницерзитети, акцелератори, јавни и државни институции, плански региони, како и фирми кои имаат иновативни производи и услуги. На настанот имаше и гости од Р. Србија и Р. Бугарија, и тоа есклерти, консултатнти и претставници на фирми кои имаат искуства и практики во имплементацијата на иновативни производи и услуги.

## Опфатени теми

- Технолошки иноваци
- Менаџмент на технолошки иновации
- Технолошки животен циклус
- Топ технолошки трендови
- Европска иновациска матрица (ЕИМ) / матрица на иновативната унија
- Европски иновациски екосистем
- Презентација на најдобри практики и искуства во имплементација на иновативни проекти од земјава (претставници од универзитети и научно истражувачки институции)
- Извори за финансирање во Република Македонија наменети за иновативни проекти
- Надворешни извори за финансирање (бизнис ангели, задолжувања, ризичен капитал, други видови)
- Извори за финансирање во Република Бугарија и Република Србија наменети за иновативни проекти
- Презентација на најдобри практики од земјата и странство



Првиот ден започна со презентација на извори на финансирање во Македонија, Бугарија и Србија. Се даде акцент исто така и на форми за апликација и евалуација за инвативни проекти според ФИТР. Се направи осврт и на најдобри практики од земјата и странство. Беа презентирани успешни иновативни приказни од Македонија и од странство и беа претставени иновативни проекти и други донаторски фондови. Дискусијата која беше иницирана во крајот на првиот ден даде и конкретни резултати за вмрежување и соработка.

Вториот ден од работилницата започна со презентација на гостите од Бугарија (консултатнтите Цветелина Нешкова и Васил Какеланов) кои споделиа со учесниците нивни искуства и практики за имплементирање на иновативни проекти, а потоа фирмата FTS (водечка фирма во иновативни софтверки решенија) од Бугарија претстави една нивна успешна приказна.

Во наредната сесија од работилницата беа презентирани искуства од иновативни проекти од Р. Србија од страна на Г-дин Предраг Димиќ и Драган Тасиќ кои се експерти од регионални советодавни организации за развој и имплементација на иновативни проекти.
Потоа Г-дин Мирко Узелац, Владимир Поповски и Г-ѓа Даниела Ризова од Асоцијацијата на иноватори на Македонија презентираа успешни приказни и претставија иновативни проекти.

Истиот ден свое излагање имаа и директорите од Акцелераторите CEED и UKIM, а исто така и модераторот Орце Симов, декан на факултетот за информатика при Славјански Универзитет и сопственик на фирма за креирање и продажба на иновативни софтверски решенија. Се дискутираше исто таа и темата за технолошки паркови.

Третио ден во панел дискусија се дискутираше за иднината на вируелниот иновативен центар како модел за развој и поддршка на сектерот на малите и средни претпријатија во делот на иновативни проекти.

Настанот допринесе да се направат вмрежувања помеѓу фирмите од трите региони, помеѓу фирми и други стеикхолдери, но исто така голем број на учесници се врмежија и разменија контакти со гостите од Бугарија и Србија и претставниците на Асоцијацијата на иноватори на Македонија.



**Воспоставивме дополнителни партнерства со потпишани се меморандуми за соработка во рамките на проектот Иновативен центар помеѓу институциите, деловните центри и акцелераторите.**

**Организирана ЗАВРШНА ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА** во Куманово на која беа презентирани имплементираните активности и постигнати резултати во рамки на двегодишната имплементација на **ЕУ проектот "Иновациски Центар: Компаративна предност за поголема конкурентност. – 11 Декември 2019**

Настанот се одржа со огромен број на заинтересирани учесници, а имено – 144 учесници, од кои претставници на фирми од трите целни региони, индивидуални иноватори, акцелератори, локална самоуправа, Асоцијација на иноватори во Македонија, бизнис центри, граѓански организации, АВРМ, универзитети и др.

Настанот беше и медиумски претставен од неколку локални медиуми (радио БУМ, ТВ плус, Ku manovo News, MIA).

Со исклучителен ангажман на проектниот тим и сите засегнати страни во процесот на имплементација на проектот успеавме да изградиме силна врска помеѓу малите и средни претпријатија со јавниот сектор, образовните институции, локалните самоуправи и универзитетите како особено значаен чинител во овој процес за поддршка на иновациите.



**За две години 150 компании директно и индиректно беа вклучени во проектот, научно истражувачки институции -МАНУ, универзитети, акцелератори и локални самоуправи од трите региони. Во процесот на имплементација на проектот имавме успешни приказни и конкретни резултати и се надеваме дека со исто такво темпо ќе продолжиме и по завршување на проектот, се со цел сето онаа што го постигнавме овие две години да го одржиме и да можеме уште повеќе да го надоградиме за добро на малите и средните претпријатија.**

**На повеќе настани малите и средните претпријатија беа едуцирани со нови методи и вештини кои допрва доаѓаат кај нас, а најбитно беше вмрежувањето на самите претпријатија како меѓусебно така и со институциите што даде конкретни резултати и нови проекти кои започнуваме да ги имплементираме. Со завршување на проектот не завршуваат работните обврски, тимот продолжува да работи преку виртуелната платформа ,,Виртуален иновациски центар" (http://hub.innovationhub2018.eu/).**

# Контакт информации

**Project: Innovation Hub: Comparative Advantage for Greater Competitiveness**
**Contract No. 12-7324 / 1**

**Проект Иновативен центар: Компаративна предност за поголема конкурентност**
**Договор бр. 12-7324 / 1**


**Tel : +389 (0) 31 416 102**
**+389 (0) 78 300 605**

**e – mail: innovationhub2018@gmail.com**
**Web site: https://innovationhub2018.eu**
**Web platform: http://hub.innovationhub2018.eu**